| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 3.11, ФОРМИРАН СО ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.11, ОПШТИНА ПРИЛЕП |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Совет на Општина Прилеп |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Илија Беличоски д.и.а. – овластен планер<br>бр. на овластување **0.0098** |
| **Назив на работното место** | Архитект-овластен планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: ул.Прилепски Бранители бр.1 , 7500 Прилеп<br>тел. за контакт: 048 401 725 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Донесувањето на планскиот документ за изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 3.11, ФОРМИРАН СО ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.11, ОПШТИНА ПРИЛЕП е во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитекотонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Планскиот опфат досега е третиран со планска документација од типот на детален урбанистички план ДУП за УАЕ бр.9, УЕ 9/1, кварт 1 и кварт 2, плански период 2004-2009 год. Затоа и целта на изработката на овој ДУП е пред се усогласување на класите на намена со важечкиот ГУП, постојната состојба и Законската регулатива и почитување на имотно правни односи и сл.. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |
| Не |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не, се работи за донесување на предлог детален урабнистичи план за четврт 3, блок 3.11 согласно измена и дополнување на ГУП за град Прилеп, Општина Прилеп. Намена на просторот во рамките на планскиот опфат содржи- А – Домување (група на класи на намени) -А1 – Домување во станбени куќи -А2 - Домување во станбени згради -А4 - Времено домување Б2 – Големи трговски единици, В – Јавни институции (група на класи на намени) -В1 - Образование и наука |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

| |
|---|
| Главна цел на донесувањето на планскиот документ е пред се усогласување на класите на намена со важечкиот ГУП, постојната состојба и Законската регулатива и почитување на имотно правни односи и сл.. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2018-2023год. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Планскиот опфат со површина од 7,21ха, за овој ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 3.11, се наоѓа во централниот дел од градот Прилеп. Описот на планскиот опфат почнува од Северозападната граница од накрсната точка на осовините на собирната улица булевар "Гоце Делчев" со ознака С1 и сервисната улица "Димо Наредникот" со ознака Ср7 и оди кон североисток по осовината на булевар "Гоце Делчев" до нејзината вкрсна точка со сервисната улица "Кузман Јосифоски" со ознака Ср10 во должина од 257м', каде врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски" во должина од 306м', потоа врти во југозападен правец по осовината на сервисната улица "Архиепископ Доситеј" со ознака Ср9, се до вкрсната точка со улица "Димо Наредникот" во должина од 200м', потоа врти кон југоисток по осовината на улица "Димо Наредникот", се до вкрсната точка со собирната улица, булевар "Гоце Делчев", која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон . |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ:**<br>Од реализација на планските содржини, во градежната фаза, се очекуваат емисии на прашина и издувни гасови поради користење на механизација и транспортни активности, како и изведување на земјени работи. Се очекува генерирање на зголемени нивоа на бучава и вибрации од градежната механизација. Изградбата на планските содржини може да има влијание врз квалитетот почвата, подземните води и повремените површински водотеци низ планскиот опфат, поради земјените активности, генерирање на санитарни отпадни води, генерирање на отпад. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект.<br>Во фазата на реализација на планските содржини, ќе се генерираат емисии од градежните активности и механизацијата и тоа во воздухот, почвата и водите. Исто така ќе се генерира зголемено количество отпад (главно градежен шут, земја, отпад од пакувања и вишок на употребени материјали), бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите на животната средина, биолошката разновидност, пределот и здравјето на луѓето. Зголемена фреквенција на возила по сообраќајниците која може да предизвика негативни влијанија врз корисниците на патот и локалното население. Овие можни влијанија се оценуваат како сигурни и можни, локални, краткорочни, повратни/неповратни и со мал до среден интензитет.<br>Влијанијата во оперативната фаза се оценуваат како можни негативни, локални, повратни/неповратни и долгорочни влијанија, со мал до среден интензитет. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во градежната фаза можни се незначителни кумулативни влијанија како резултат на генерирање на емисии на прашина, издувни гасови и бучава.. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој урбанистички план не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Планскиот опфат за кој се изработува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 3.11, , ОПШТИНА ПРИЛЕП е во согласност со блоковската поделба на ГУП за град Прилеп. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 7.21 ха. Популацијата која ќе биде засегната од донесување на овој ДУП се состои од луѓе кои работат и живеат во опфатот. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно известувањето од Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп бр.10-100/2 од 05.02.2019годинаво планскиот опфат не се регистрирани остатоци од културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во рамките на планскиот опфат не се изведуваат активности кои предизвикуваат надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. |

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Се работи за градежно земјиште со намена А – Домување (група на класи на намени) -А1 – Домување во станбени куќи -А2 - Домување во станбени згради -А4 - Времено домување Б2 – Големи трговски единици, В – Јавни институции (група на класи на намени) -В1 - Образование и наука согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| За содржините предвидени во планскиот опфат доколку се утврди потреба , на ниво на проектна документација може да се изработува Елаборат за заштита на животната средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Овој плански документ се носи врз основа на ГУП за град Прилеп 2013-2023како повисок плански документ за кој е спроведена Стратегиска оцена за влијание врз животната средина, дадено е позитивно мислење за содржината и обемот на Извештајот за стратегиска оценабр.08-2743/4 од 29.04.2011год.Опфатот на предметниот ДУП е во рамките на опфатот на горенаведениот ГУП |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Имплементацијата на планскиот документ е од особена важност, бидејќи со истиот ќе се обезбеди повисока организација и инфраструктурна опременост на просторот и предвидување на мерки за подобрување на заштитата на животната средина . |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>При спроведување на планскиот докуемент со доследно спроведување на веќе усвоениот Извештај за стратегиска оцена за влијанија врз животната средина особено на спроведување на Мониторинг планот во состав на извештајот ќе се превенираат идни еколошки проблеми во планскиот опфат. Мерките во Извештајот особено ќе се имаат во предвид при имплементирање на планот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тије плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Планскиот документ е во корелација со постоечкиот ГУП на град Прилеп. |

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат има спроведено претходна оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот., заштита на биолошката разновидност, заштита на водите и почвата од несакани загадувања и сл.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник на Општина Прилеп<br><br>Борче Јовчески |
| **Датум:** 05.08.2022 година<br>**Место:** Прилеп | **М.П.** |